Архивски бр. 08-1419/1
датум 01-07-2026

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР

Министерот за правда со решение бр. 08-527/1 од 25.02.2026 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2026 година.

**Комисијата за надзор на ден 23.03.2026 година во 12:30 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-2554/1 го започна надзорот во **Апелационен суд Гостивар** за контролниот период од 2024 до 2026 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор **во 2024 година до 2026 година.**

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Беким Мехмеди и раководител на оддел за судска пракса назначен за вд судски администратор Седула Мемеди.

Условите за работа на судот не се промениле од претходниот контролен период. Не бил обезбеден нов простор за судот, не биле обезбедени нови вработувања ниту унапредувања, судот повеќе години е без судски администратор, иако назначеното лице најодговорно и уредно ги извршува работите на повеќе работни места, за што не е соодветно платен.

Од клучно значење е обезбедување на пристап до секој суд и судница со рампа и лифт. Исто така, процесот на дигитализација кој се спроведува со засилено темпо, бара обезбедување на современа дигиталната опрема во судовите и нејзино одржување, со што ќе се овозможат судења на далечина , со цел пристап на секој граѓанин до најблискиот суд согласно меѓународните стандарди.

ПРЕПОРАКА
Судскиот буџетски совет, Министерството за финансии, Министерството за правда и Владата на Република Северна Македонија да преземат чекори за обезбедување

на соодветен простор - згради за судовите за кои е утврдена потребата од неопходно сместување, како на пример: Апелациониот суд Гостивар, Апелациониот суд Штип, Вишиот управен суд, и во повеќе основни судови на цела територија на државата.
За оваа цел, Судскиот совет и Судскиот буџетски совет да подготват соодветна анализа со предлог и процена за потребен износ на финансиски средства врз основа на податоците кои ги имаат од судовите во однос на потребите и за кои алармираат повеќе години наназад, а со цел да се надминат критичните услови за работа на судовите.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

Апелационен суд Гостивар минатата година на ниво на сите судови бил најефикасен суд.

1. **Програма за работа**

Су бр.04-31/25 од 30.12.2025 година, Су бр.04-67/24 од 30.12.2024 година,
Су бр.04-80/23 од 29.12.2023 година,
Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет Су 13/26 од 12.01.2026 година,
Акциски план за решавање на стари предмети Су бр.12/26 од 12.01.2026 година.

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Вкупниот број на судии во судот, вклучително со претседателот на судот, во моментот е 16 судии, со што се пополнети сите места по систематизација. Од март 2026 година шест судии се делегирани од страна на Судскиот совет во Апелационен суд Битола. Во кривичен оддел распоредени се шест судии, а тројца од нив делегирани во АС Битола. Во граѓанскиот оддел има девет судии, од кои троојца судии се делегирани во АС Битола. Во Оддел за судска пракса тројца судии, претседателот на кривичен и граѓански оддел и двајца судски соработници.
Ефектот на пополнети судиски работни места и совладување на приливот на предмети е видлив.

Заклучок: Судиите одговорно и навремено ја извршуваат својата функција, а застојот на предмети се појавува во судовите каде нема услови за работа: доволен

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

број на стручен и квалитетен кадар -судии и стручна судска служба, технички услови - функционален АКМИС и компјутерска опрема, добра електрична инсталација, мрежно поврзување. Од овие причини инвестицијата во судството е повеќе од потребна, за да ги даде очекуваните резултати на граѓаните.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Годишниот распоред бил менуван од објективни причини:
Распоред за 2026 година Су 04-29/25 од 30.12.2025 година, измена - Одлука 04-29-6/25 од 12.02.2026 година заради завршување на причина за мирување на функцијата, Су бр.04-29-6/25 од 02.03.2026 година заради делегирање на судии,
Распоред за 2025 година Су бр. 04-63/24 од 30.12.2024 година, измена Су 04-63-6/24 од 19.05.2025 година заради измена на службеник која нема влијание врз АКМИС.
Во 2024 година измена СУ 04-79-6/23 од 11.03.2024 година заради нов избран судија за кривична материја. Одлука за судски службеник - 04-79-7/23 од 11.07.2024 година.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Су бр.258-2/24 од 08.07.2024 година, Су бр.27-2/25 од 10.07.2024 година

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Формирано е одделение за информатика како посебна организациона единица. Во судот е вработен еден информатичар - раководител на одделение Мирјана Петровска.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Тројца судии Шефајет Хајдари - претседател на одделот, Абдулбари Рамадани и Велко Страшевски, Арѓент Јакупи и Седула Мемеди.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Портпарол на судот е судија Шефајет Хајдари, лице за контакт со лица со попреченост Седула Мемеди.
За слободен пристап до информации од јавен карактер Александар Дуровски.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Нема промени, препораката за избор на судски администратор не е спроведена од причина што Министерството за финансии и Судскиот буџетски совет не одобриле финансиски средства.
Од овие причини во Годишниот распоред за работа се распределува и судската служба.
Во судот се очекуваат три нови вработувања во 2026 година.
Недостаток од дактилографи, судска полиција, чувар, има само еден хигиеничар за целата зграда во која се сместени пет институции.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2024, 2025 и 2026 година.**

Су 459/25 од 01.12.2025 година , Су бр.55/26 од 02.03.2026 година.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници, Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Кривичен оддел Су 411-1/25 од 16.10.2025 година,
Граѓански оддел Су бр. 428/25 од 26/09.2025 година,
Оддел за судска пракса Су 8/26 од 05.01.2026 година.
Су бр.467-1/25 од 09.12.2025 година, Су 71-1/26 од 05.03.2026 година
Одржани тркалезни маси на четирите апелациони судови со Врховен суд.

11. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Редовна електронска достава на месечни, квартални, полугодишни и годишни статистички извештаи за работата на судот и Акциски план Су 22/25 од 16.01.2025 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

12. **Извештај од повисокиот суд за работата на Апелациониот суд Гостивар за 2024, 2025 и 2026 година**

Државен завод за ревизија
ИСО Стандардизација 9001:2015 година - извештај од проверка бр.03-91-Н2-12/2024 година од 10.12.2024 година INTERCERT - втора надзорна проверка.
ИСО Извештај 03-80/2025 година - Р1 –12/2025 година од 15.12.2025 година.
Политика на интегритет Су бр.59/23 од 08.03.2023 година.
Антикорупциски план Су 42-2/22 од 28.02.2022 година.

13. **Надзор над работата на нотарите.**

Во записниците се заведуваат наоѓањата кога се врши надзор над основните судови од апелационото подрачје Гостивар.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

14. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Обуките на вработените ги извршува информатичарот, индивидуално по потреба кога вработените имаат потреба или кога има новитети во системот. Специјализирани обуки за информатичарот во организација на АСЈО.

15. **Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

Во поглед на информатичката опрема со која располага, судот ги исполнува потребите за редовно работење на судот. Во 2026 година има одобрено средства за набавка на нова ИТ опрема. Поголем дел од компјутерите се од 2019 година наваму, а дел од постојната компјутерска опрема е технички застарена и не ги исполнува современите стандарди за ефикасно и безбедно функционирање на системот.
Во судот во функција се седум мрежни печатари и два скенери, но има потреба од дополнителен скенер.
Проблем во судот претставува застарената локална мрежна (ЛАН) инфраструктура со која работењето со АКМИС системот е значително отежнато. Овие состојби директно влијаат врз ефикасноста на работните процеси. Покрај тоа, сервер просторијата во судот не ги исполнува пропишаните законски и технички услови за безбедно функционирање на информатичката опрема и системите, што

претставува дополнителен ризик за стабилноста и сигурноста на податоците и системот.

16. **Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Уредно се донесени и внесени во АКМИС следните списоци по кориснички групи: СУ.бр.468/24 од 30.12.2024 и СУ.бр.496/25 од 30.12.2025 со две измени.

17. **Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) -** Има

18. **Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Дежурства има само за време на годишни одмори и уредно се внесени во месечниот календар на дежурства.
Су бр.04-20/24 од 08.07.2024 , Су бр.04-27/25 од 11.07.2025 година.

19. **Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на влезни документи.

20. **Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

21. **Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

За администратор на АКМИС системот со одлука Су.бр.100/2016 од 04.05.2016 е определен судскиот службеник - информатичар во судот.
Автоматската распределба и прераспределба ја извршуваат уписничарите во писарниците на соодветната материја и истата се прави секој ден најдоцна до 14 часот.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

22. **Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024, 2025 и 2026 година (175 став 5 СД)**

Во судот се исклучуваат судии од распределба поради отсуство подолго од пет работни дена (делегирање во друг суд, одмор или боледување). Беше направен увид по случаен избор во неколку одлуки за исклучување и повторно вклучување на судии: СУ.бр.347-1/25 од 09.09.2025, СУ.бр.226-1/25 од 03.06.2025, СУ.бр.438/25 од 06.11.2025, СУ.бр.27-1/26 од 12.02.2026, СУ.бр.75-1/26 од 18.03.2026.
Сите уредно внесени во АКМИС како акти.

23. **Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за иземање за 2024, 2025 и 2026 година**

Иземања на судии од автоматска распределба се прави со уредно изготвени Решенија во кои е наведена причината за иземање и дополнително Решение во кое се определува понатамошното движење на предметот. Најчесто иземањата се поради роднински врски, судија известител, или поради членство во совет. Направен беше увид во следните иземања: СУ.ИЗЗ.бр.115/24 од 12.11.2024, СУ.ИЗЗ.бр.113/24 од 05.11.2024, СУ.ИЗЗ.бр.212/25 од 30.12.2025, СУ.ИЗЗ.бр.140/25 од 02.09.2025, СУ.ИЗЗ.бр.96/25 од 20.05.2025, СУ.ИЗЗ.бр.126/25 од 16.07.2025, СУ.ИЗЗ.бр.17/26 од 28.01.2026.
Сите уредно внесени во АКМИС како акти.

24. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024, 2025 и 2026 година**

Нема одлука за рачна распределба на предмети.

25. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Надзорната комисија направи увид во следните предмети избрани по случаен избор:

- ГЖ 1171/24 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 08.11.2024 година, автоматски прераспределен на ден 13.11.2024 година поради иземање и примен кај судија на ден 15.11.2024 година

- КЖ-273/24 - поднесен и примен на ден 08.10.2024 година, распределен со копче судија на ден 08.10.2024 година поради Решение за иземање како судија на првостепен суд, и примен кај судија на ден 09.10.2024 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

- ГЖ80/25 - поднесен и примен на ден 17.01.2025 година, рачно распределен преку АКМИС на ден 17.01.2026 година затоа што станува збор за укинат предмет кој треба да се внесе повторно во АКМИС и да се поврзе со претходниот предмет. При поврзување направена е ненамерна техничка грешка од страна на референт - уписничар, и поради тоа предметот е вратен повторно на распределба заради правилно поврзување со соодветниот укинат предмет за што постои уредна службена белешка. Предметот е примен кај судија на ден 06.03.2026 година
- РОЖ-212/25 - поднесен и примен на ден 22.04.2025 година, автоматски распределен на истиот ден и примен кај судија на ден 23.04.2025 година
- ТСЖ-15/26 -поднесен и примен на ден 21.01.2026 година, распределен со надоврзување на ден 21.01.2026 година, примен кај судија на ден 23.01.2026 година
- ПРКЖ - 84/26 - поднесен и примен на ден 05.02.2026 година, автоматски распределен на ден 05.02.2026 година и примен кај судија на ден 06.02.2026 година

**26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

На денот на надзорот нема новопримени предмети.
При проверка на контролниците за контролираниот период за предмети каде бројот на обиди за автоматска распределба е поголем од еден, беа воочени осум такви предмети. Беше направен увид во некои од тие предмети: КЖ-113/25, КЖ-214/25 и ПРКЖ-506/25 за кои го добивме следното објаснување од судот: Согласно воспоставената практика и правилата за работа, укинатите предмети при нивното повторно заведување треба да се поврзат со претходниот предмет и да се доделат во работа кај истиот судија - известител кој претходно постапувал по конкретниот предмет. Во конкретните случаи, иако предметите биле укинати, при нивното повторно заведување од страна на надлежните референти не било означено полето „ист судија – ДА“, по што е извршена ПОТВРДА на внесот. Како резултат на тоа. Системот не овозможил автоматско поврзување со претходниот предмет, ниту правилна распределба кај ист судија-известител. Поради тоа, било потребно предметот да се „врати“ во системот се додека не се појави судијата на кој треба да му се додели на работа.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**27. Уписници што се водат во хартиена форма**

Нема уписници во хартиена форма.

**28. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Судот располага со само една судница која е опремена со аудио опрема за тонско снимање и истата по надградбата се користи за снимање на јавни расправи.

**29. Електронска достава**

Функционира електронска достава до адвокати.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**30. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024, 2025 и 2026 година (член 16 СД)**

Су бр.492/25 од 30.12.2025 година, Су бр.467/24 од 30.12.2024 година

**31. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2023, 2024 и 2025 година по предлог на работното тело**

Су бр.10/26 од 09.01.2026 година, Су бр.16/25 од 14.01.2025 година

**32. Внатрешни процедури**

Су бр.491/25 од 31.12.2025 година, Су бр.465/23 од 29.12.2023 година

**33. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Су бр. 01-4/25 од 10.03.2025 година, Су 01-5/26 од 05.03.2026 година.
Годишен извештај Су бр. 01-2/26 од 26.01.2026 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**34. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Се објавуваат извештаите на веб страницата на судот, состаноци со новинари и студенти.

**35. Огласна табла на судот**

Има огласна табла уредно поставена на влезот на судот.

**36. Простории за судии поротници и за адвокати**

Нема, заради просторни услови на судот.

**37. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024, 2025 и 2026 година**

Редовно се објавуваат тековни содржини на веб страната на судот.
После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.
Вкупниот број на објавени одлуки, за контролираниот период од ноември 2024 година до денот на надзорот е 4804 одлуки.

**38. Архива**

Архивата во судот е достапна и уредно средена по години во метални ормари обезбедени со клуч.

ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА СУДОТ

**39. Прашања за кои претседателот на судот, судскиот администратор или судската служба при вршењето на работите во судот можат да укажат дека им го отежнуваат работењето во врска со АКМИС или општо ефикасното работење на судот.**

„Во однос на општото ефикасно работење, судот се соочува со несоодветни просторни услови, имајќи предвид дека е сместен на третиот кат (поткровје) од


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

зградата на Основниот суд Гостивар, која претставува заеднички објект во кој се сместени и други правосудни институции. Поради староста на објектот, неговата намена и ограничените просторни капацитети, условите за работа подолг временски период не ги задоволуваат минималните стандарди за современо, функционално, безбедно и ефикасно судско работење, ниту ги следат европските стандарди и препораки за судска инфраструктура.

Поради ограничениот простор и недоволниот број на канцеларии, судските службеници и соработници се сместени по четири до пет лица во една канцеларија, што негативно влијае врз продуктивноста и ефикасноста.

Еден од најсериозните инфраструктурни и организациски проблеми е недостатокот на посебна и соодветна просторија за судиите-поротници, адвокатите и странките кои присуствуваат на јавни седници. Поради тоа, овие лица престојуваат во заеднички или несоодветни простории, што може да доведе до нарушување на достоинството на постапката, отежната комуникација, како и безбедносни и организациски ризици.

Судот располага со само една судница, која е во лоша функционална и техничка состојба и не ги задоволува потребите на судот, ниту ги исполнува важечките законски прописи, стандарди и препораки за современи и дигитализирани судници.

Судот не располага со соодветно уредена архивска просторија. Архивата е сместена во ходниците на судот, што не ги исполнува законските, техничките и безбедносните услови за чување архивски материјал, претставува ризик за заштитата и доверливоста на предметите и ја зголемува можноста за нивно оштетување, губење или неовластен пристап.

Иако работните простории се наоѓаат на третиот кат, објектот не располага со лифт, што претставува сериозна пречка за лицата со попреченост во движењето и е спротивно на принципите на еднаков пристап до правда и недискриминација.

Во објектот не постојат помошни (евакуациски) скали, ниту современ автоматски противпожарен и алармен систем, што претставува сериозен безбедносен ризик за вработените, странките и посетителите.

Дополнителен проблем е тоа што судот нема сопствен паркинг, ниту посебен влез за вработените, што го отежнува функционирањето и ја намалува безбедноста на вработените.

Потребна е реконструкција на кровот, односно замена на кровниот лим, кој е деформиран и при врнежи влегува вода во работните простории. Со

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

реконструкцијата би се обезбедила соодветна изолација согласно стандардите за енергетска ефикасност, како и можност за поставување фотоволтаични панели за производство на соларна енергија.

Во моментов не постои реална можност за проширување или адаптација на постојните работни простории. Подобрување на состојбата е можно единствено преку изградба на нов објект или обезбедување посебен, функционален простор што ќе ги исполнува законските, техничките и безбедносните услови за нормално функционирање на апелациониот суд. Алтернативно, решение би било преместување на некоја од институциите сместени во истата зграда (Вишото јавно обвинителство, Основното јавно обвинителство или Државното правобранителство Гостивар) во друг соодветен објект.

Во однос на организациската структура, судот се соочува со сериозен недостаток на кадар. Не е вработен судски администратор, што го отежнува оперативното раководење и координацијата. Исто така, нема вработено припадник на судската полиција, што претставува безбедносен ризик. Недостигаат и референт во приемна писарница, доставувач и архивар, како и не доволен број на дактилографи. За одржување на хигиената е ангажиран само еден хигиеничар а која е пред пензија.

Поради изразениот недостаток на кадар, согласно постојната систематизација, се јавуваат сериозни по тешкотии во секојдневното работење, што го зголемува оптоварувањето на Постоечките вработени и го намалува нивото на ефикасност.“

Увидот заврши на ден 23.03.2026 во 14:45 часот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk